# ЧЕСТВУВАЊЕ ПО ПОВОД 137 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ



**Пред гробот на Гоце Делчев во Скопје беше одржана и панихида посветена на сите паднати борци за слободна и самостојна македонска држава.**

**Доколку Гоце би живеел во ова време би ни порачал: "Секирите на воинствениот раздор на македонското ткиво да бидат длабоко закопани во македонската земја натопена со нивната крв, не само да рѓосаат, туку еднаш засекогаш да изгнијат", кажа г.Кирил.**

Пишува: **Милева ЛАЗОВА**

# МАКЕДОНСКИОТ ВЕЛИКАН ПОКАЖА КАКО ТРЕБА ДА СЕ САКА ТАТКОВИНАТА

**Гоце Делчев е роден на 4 февруари 1872 година во Кукуш, во семејството на Султана и Никола. Се школувал во гимназијата во Солун и на Воената академија во Софија. Учителствувал во Штип, а како член на Централниот комитет на ТМОРО работел на создавање на мрежа на бази, комити и комитски чети на Организацијата. Учествувал на Солунскиот конгрес на ВМРО (1896), а до 1901 година бил задграничен претставник на ВМРО во Софија. Делчев бил убиен од турска војска на 4 мај 1903 година, во селото Баница.**

По повод 137 години од раѓањето на Гоце Делчев, еден од најголемите великани на македонското револуционерно движење, на неговиот гроб во црквата "Св. Спас", Македонската православна црква одржа панихида, со која началствуваше митрополитот полошко-кумановски г. Кирил. Неговото вечно почивалиште го посетија голем број граѓани, политички делегации и почитувачи на неговите идеали за Македонија, кои положија свежо цвеќе. Роденденот на Гоце Делчев беше одбележан и во сите училишта во земјава кои го носат неговото име.

Во словото за покој на Гоце и неговите соборци, митрополитот Кирил, во духот на визионерските пораки на револуционерот, повика на единство и "градење мостови на разбирање и цврста соработка и пријателство со сите мирољубиви народи и земји".

"Кога тој би бил во оваа наша епоха во која живееме, би ни порачал да го следиме нивниот саможртвен пример, би ни порачал да ги оставиме меѓусебните кавги. Секирите на воинствениот раздор на македонското ткиво да бидат длабоко закопани во македонската земја натопена со нивната крв, не само да рѓосаат, туку еднаш засекогаш да изгнијат. Би ни порачал само во силното единство, во љубовта и надежта, во нашето вековито опстојување треба да ја гледаме вечноста и да ја градиме за опстој на овие наши македонски простори, и како народ, и како суверена држава, и како црква", кажа г. Кирил.

Годишнината од раѓањето на Гоце Делчев ја одбележаа и други општини во Македонија, како и установи кои го носат неговото име. Делчевци за својот патрон организираа пригодна програма со рецитал и настап на КУД "Гоце Делчев". Во Струмица пригодна реч за животот и за делото на Делчев одржа градоначалникот Зоран Заев, а рецитал изведоа ученици од ОУ "Гоце Делчев" од Вељуса. Денот на Гоце го одбележа и гимназијата во Куманово, која го носи неговото име.

**И во Народен театар-Битола се одржа семакедонско чествување по повод 4 февруари, денот на раѓањето на големиот македонски великан, Гоце Делчев.**

**"Делчев со личен пример покажа како треба да се сака својата татковина, а ако затреба и животот да се даде за неа. Гоце Делчев, на симболичен начин, вечерва повторно ги обединува Македонците, бидејќи ги има од сите страни на Балканот", истакна битолскиот градоначалник Владимир Талески.**

**Пред присутните гости, меѓу кои и претседателот на Светскиот македонски конгрес, Тодор Петров, свои поздравни обраќања имаа претставници на македонските здруженија од Грција, Албанија, Косово, Србија, Бугарија, Романија и Хрватска.**

